Александар Трпески

# ВО ТВОЈА СЛАВА

4. Мојсие 21:4-8



Александар Трпески

# ВО ТВОЈА СЛАВА

Издавач: „Коста Абраш“ АД
*

За издавачот: Југослав Стојановски
*

Автор - А. Трпески

*
Лектор - Д. Медароски

*
Корица – Е. Цицковска

*
Збирката ќе ја најдете
на веб-страницата
www.votvojaslava.mk

ISBN 978-9989-843-74-7

Соодржина:

**Чин 1.** Насилство, Војна, Смрт... 5-13

Насилна 5
Војувај со моќ владеј 7
Параходот 10

**Чин 2.** Ослободување 14-37

Платно избелено 14
Огледало - прегрнати огледалца 19
Убавината и Љубовта 23
Изгубениот град 26
Вечниот град 29
Роза 33
Те препознав 36

**Чин 3.** Раѓање 38-44

Роденден 38

**Чин 4.** Подарок 45-48

Пари за откуп 45

# Чин 1. <u>Насилство, Војна, Смрт...</u>

## Насилна

Се закануваш, ми велиш:
„Сакај ме или ќе се уништам“.

Истомисленици те поддржуваат
да уништуваш те храбрат.
Поддржувачи на тероризмот
се закнувате, ми велите:

„Бараме да бидеш нејзин сакан!“
Те сака, чувствата ѝ ги будиш,
а ти не знаеш да ја сакаш.
Преговарај или ќе зажалиш.

Вашите закани не ме плашат,
а дали не знам да сакам,
вашите смешни обвинувања
слушајте ќе ги негирам:

Вашата самонаречена љубов
со насилство е исполнета,
а чувствата кога ви се будат
проколнувате и жалите.

Зарем љубовта е присила?
Зарем други ќе одлучуваат
со која ѕвезди ќе бројам
и со која ќе ме обденува?

Залудно поддршка си давате,
не сте во право, ви велам:
„Темнината не е светлина
ако така ја самонаречете“.

Се закануваш, ми велиш:
„Сакај ме или ќе се уништам“.

Самонаречена љубовџивке,
вашите закани не ме плашат,
вашите смешни обвинувања
дека не знам да сакам
не може да ме вознемират.

Нема да знам да сакам
болката ако не ја познавам.
Болката доаѓа од болеста
доаѓа и од инјекцијата
љубовта кога лекува.

Љубовта кога лекува
добриот горчлив лек
не проколнувај, не жали
со светлина во себе
саканиот ќе го видиш.

А ако си силеџија,
ако сте силеџии,
кој е без чувства?
Затоа со насилници
нема да преговарам.

## Војувај со моќ владеј

Некогаш во една земја
владеел моќно еден цар.
Владеел целосно во земјата,
но само делумно со себе.

Чекорел моќно по патот
бранејќи ја својата вистина,

но неговата вистина
била невистина, за царот
кој моќно владеел
со соседната земја.

И тој цар владеел во земјата,
но само делумно со себе.

Тензијата се зголемувала
владетелите ги повикале
своите мудри советници.
Некои од нив советувале:

„Секој и со себе војува.
Но ако во себе владетелу
само немир имаш, лудак си
вистината не ја препознаваш.“

Во мирот е вистината.

Секој и со себе владее.
Но ако во себе владетелу
само лаги имаш, лажливец си
мирот не го препознаваш.

Во вистината е мирот.

Едниот цар ги слушнал,
другиот цар ги слушнал,
но и ги разбрал советите
затоа тој цар изјавил:

„Лудак без вистина, без мир
лажливец не сакам да бидам!“

Другите советници советувале:

„Ние размислуваме спротивно
од претходно кажанато,
нашето мислење е побројно
и затоа ние сме во право!“

Едниот цар изјавил:
„Владетел сум моќен
барам покорност, во царство
слабиот му служи на јакиот!“

Другиот цар изјавил:
„Слуга ќе сум во царство
ќе барам праведност - милост
јакиот да му служи на слабиот!“

Вашето мислење е побројно,
но нема да ве послушам
не сакам да го изгубам
својот најмоќен сојузник.

Тензијата се зголемувала
судирот бил неизбежен.
Победил владетелот
што завладеал со себе.

Сојузник силен имал
Царот над Војските
чекори моќно по патот
Вистината ја брани
најмоќно владее.

Моќни владетели
бидете и вие најмоќни,
покорете ја лагата
воспоставете мир
со себе да владеете.

# Параходот

Ме напушти. Зошто ме оставаш,
зарем мора вака да биде?!

Ти, што ме усреќуваше!
Со камено лице си сега
очите човек ти ги затвори
луѓето зборуваат: „Заспа.“

Со крик тажен извикувам:
„Спиеш или мртов си,
дали повторно ќе те видам,
празнина во мене чувствувам!“

Празнино, ти ѕверска  усто,
те носам, дел од мене си
како од стрела погоден
со болка во гради распаран.

Ме удри силно празнино
како никогаш досега.

Досегашните загуби
сѐ што ми недостасуваше
со ова не се споредуват.

Која е твојата цел, празнино,
уништувачки се твоите желби,

ако не те прифатам, чувствувам
револт со злоба ме исполнува
тој те храни, те зголемува,

ако те преценам, чувствувам
беспомошност ме исполнува
таа те храни, те зголемува,

ако станам безчувствителен,
не знам што ме исполнува,
не знам што те зголемува.

Пријателе, за помош молам
го слушаш ли мојот лелек,
грижите мои се зголемуваат
овој товар ме нагмечува.

Пријателе, запеј ја нашата
„Не плачи мило мое не жали...“,

биди цврст, не дозволувај
ѕверската уста да те крши
рикањето да не те плаши
беснилото да не те ужасува.
Немој да го храниш ѕверот
туку силно спротивстави се.

„Ја земи си бело крпче
избриши си црни очи...“

Зарем заборави дека:
„Јагнето празнината ја победи
со смрт. Дозволи да умре
да сфатиме да не се плашиме
празнината да ја исполниме
со светлост бескрајна“.

„Не плачи мило мое не жали..."
Јагнето пак ќе се врати.

Ќе те послушам пријателе,
празнината ќе ја исполнам
со светлост бескрајна, таа
против мене не се завртува.
Затоа надеж нема да изгубам
во повторна средба верувам.

Празнино, кај ти е осилото
беше волк гради што ми пара
се спротивставив и те исполнив.
Куче е исполнетиот дел сега
низ вечност тоа ме води
на пастирот верно му служи.

Танцувам...
Ако паднам, станувам
продолжувам со живост
го играм животниот танц.

...танц што ослободува
ме понесува кон светлината.

# **Чин 2.** Ослободување

## Платно избелено

Седнат крај извориве
гледам чиста вода
се слева, жубори
кон Охридското Езеро.

Извориве од дамнина
се викаат Билјанини.
Билјана мома убава
платно овде белела.

Гледам кон извориве
патник забрзано доаѓа.
Забрзано пристигна
од минатото, се сеќавам.

Чекорев споро по кејот
во мене бранови и бури
солзите ги сопирав
да плачам се воздржував.

Чекорејќи, дожд прокапе
и солзите мои протекоа.

Минувачите чудно ме гледаа
споро чекорев без чадор.
Забрзав, да си помислат:
„Се упатил некаде“.

Благо ветре гранки ниша
во мене страшна бура
да се смирам сакав
до извориве стигнав.

Предание тогаш слушнав
предание кое е за сите
кои се колебаат, дали
во љубов да веруваат.

Предание за Билјана

Билјана мома убава
во љубов верувала.
Билјана крај извориве
платното свое го белела.

Билјана платното го белела
за саканиот, што го барала.
Додека го барала, љубела,
но понекогаш и наивно.

Некои девојки ѝ зборувале
од туѓите грешки да се поучи.
Некои ни од своите не учеле
тие платно свое не белеле.

Го пронашла својот сакан
Билјана да ја запроси чекала.
Додека чекала, љубела, сега
без наивност му верувала.

Тие платно што не белеле
со презир ѝ се смееле,
зборувале: „Кој знае каде е,
го нема, каде е да дојде?!“

Но, зарем може да знаат тие
платно што не белат дека:

Љубовта не изневерува!
Изневеруваат луѓето
нецелосно што љубат
и оние кои не љубат!

Љубовта не изневерува
заветот го исполнува.

Седат крај извориве
минатото и сегашноста
преданието се пренесува
дождот им е пријател.

Забрзаниот патник замина
тогаш од извориве се напои
бурата сакаше да ја смири
добрината да не го напушти.

Седнат крај извориве, гледам
чиста вода се слева, жубори.

Гледам патник забрзан
кон извориве наближува.
Жедна да ме види доаѓа
мојата сегашна сакана.

Ме прегрнува, ми вели:
„Платното свое го избелив
со сочувствување, солзи
и добрина. Ти го дарувам.“

Со чиста љубов заведува
платното ми го постила.
Легнувам на постела бела
не ја валкам, се радувам

со солзи радосници
за патникот минатото
иднината што ја избели.
Заветот го исполнуваме.

Лежев на постели бели,
јас да ги извалкам знаев.
Лежев на постели валкани,
јас тогаш доизвалкан бев.

Но, во љубов верував
постела чиста посакував.

Чиста, да не ја извалкам
учев со сочувствување
солзи и добрина. Научив
колку во кого да верувам.

Колку во кого да верува
добриот учи да проценува,
а злиот зарем може да учи
кога во љубов не верува?

Пејам...
Со живост исполнувам
се трудам да не грешам
ја пејам животната песна.

...песна што исполнува
светлината ја чувствувам.

## Огледало - прегрнати огледалца

Тага, волшебно огледалце
- да чувствувам или не?

Зарем можам без чувства
да се огледам, да се видам?
Гледам грешки, понекогаш
свои Признавам, туѓи Разбирам.

Тагата ако ја прегрнам
тоа волшебно огледалце
со рамка од очај, заблуден
се бесам околу вратот.

Во очај со невистински суд
судија и џелад ќе сум свој
со парчиња дораспарчени
реалност нема да гледам.

Тагата ако ја прегрнам
со рамка од пријателство
разубавена од сила човечка
огледан реално гледам дека:

Силниот е чувствителен - Разбира.
Чувствителниот е силен - Признава.

Гледам и Вие тагувате
да Признаеме да Разбереме
од чувства да не се плашиме.
Искрени со реална престава
ќе се подигне завеса во вис
кон среќа да зачекориме.

Чувствата создаваат состојби
волшебни огледалца во нас:

Мир , кон поголем мир води
Искреност , кон поголема искреност води
Љубезност , кон поголема љубезност води
Трпение , кон поголемо трпение води
Милост...
Праведност.

Овие огледалца ако се прегрнат
ќе се огледа светлината
- Ѕвезда -
светлост кон поголема нѐ води.

Тагуваме од чувствителност
со помош на чувствата знаеме
дали пловиме, кон среќа или не
со кораб - од Ѕвезда создаден
со крма - од Вера насочуван
и котва - од Надеж цврста.

Кога во животни води
има бури, магла или мрак,
водителка Ѕвезда осветлува:
Кораб, да зацврстиме со искреност
крма, да насочуваме кон добро
котва, да закотвиме на целта.

Ѕвездо, те следиме, Пат си
до ветената земја, знаеме
кога гледаме грешки, свои
Признаваме, туѓи Разбираме.

Силниот е чувствителен - Простува.
Чувствителниот е силен - се Покајува.

Другарувам...
Природа ме опкружува
пријателите ми се мили
човечност не мразам.

...дружба што возвишува
светлината да ја видам.

## Убавината и Љубовта

Ако сите убавини се Птици,
ако сета љубов е Небо,

тогаш парче небесно сум
кое само за тебе копнее.
Сакана, те довикувам
со птици да ме освоиш,

и привилегија ти нудам
некои од птиците твои
само наши да бидат.
Но, кој е твое синило?!

Сакан мој, ме восхитуваш
парче небесно мое ти си
едно сме, привилегирани
кога даденото се возвраќа.

Господару на слободата
облетувам со ангелски лет.

Ангелски лет во мене
птици со раширени крилја
гради ми осветлуваат
некои се само наши.

Ако сите неубавини се птици,
ако сета љубов е Небо, тогаш

тие паднати ангели
птици без светлина
без Небо во гради
зарем ќе се вивнат?

Убавината ако има Љубов,
во кафез таа не пее.
Љубовта ако има Убавина,
осветлена таа не бледнее.

Љубам...
Сродни души со љубов
срца со вредности исполнети
земаме возвраќаме, моќ пламти.

...сакање искрено што охрабрува
светлост бестрашно да допрам.

## Изгубениот град

Тело на тело
усни на усни
раце на нозе
нозе на раце
напред, назад
се движат.
Гледаш да не видиш убаво.
Слушаш да не слушнеш добро.

Тој кога дава зема. Таа кога зема дава.
Даваш да земеш; земаш да дадеш.
Давање, земање, оргазам
во златна кочија сме
се возиме, во миг
совршено
за нас
сè
е.

Тој во центар погодува.
Таа на центар погодува.

Два центри сега како еден
со оргазам ова е совршен миг.
Но зошто совршенството
траеше само еден мал миг?

Повторно центар ме завртува
повторно центри завртувам.

Слушнав за тебе мудрецу
познаваш моќ сè што знае.
Кажи ми што да направам
совршенството вечно да трае.

За вечно совршенство
загаткава решија:

„Ако машкоста е сонце,
женственоста планетите,
- таа се завртува!

Ако женственоста е сонце,
машкоста планетите,
- тој се завртува!

Сонцето без планетите
не ја гледа светлината.
Планетите без сонце
нема да имаат светлина.

Вашиот спој без светлина
моќта не ја препознава
исполнете ги срцата со
- Топол Сјај!“

Загаткава!? Размислувај!?
Сонце!? Планети!? Моќ!?
Исполнувај!? Топол Сјај!?
!?!?!?!?!?!?!?!?!?!?!??!?!?!?!?

Дали добро разбрав?!
- Топол Сјај!

Топлината: Од твоето тело
твоите постапки, зборови.
Сјајот: Од твоите очи, усни
твоите постапки, зборови.

Тоа што споил Топлиот Сјај
никој не успеал да раздвои.

# Вечниот град

Во убава тишина
бакнежи од усни
во труби свират.
Црвен тепих од
јазиците наши
се распостелува.
Се движиме ние
возбудени и среќни,
огнот, тој се издига
водата, таа надоаѓа.
Машкоста и женственоста
во хармонија, тие се Едно
владетелите наши, наш
Владетел на универзумот.

Тој кога дава зема. Таа кога зема дава.
Даваш да земеш; земаш да дадеш
давање, земање, исполнети
се возиме в бескрај
со Топол Сјај
совршено
за нас
сè
е.

Се движиме сега ние
со Топол Сјај во бескрај
се осветлува табла
на влезот од градот пишува:

„Вечниот град“.
Еден Пат до центарот води
таму ангел со огнен меч
и штит од вода објавува:

„Соединување со совршенството
најмоќен Центар, не може да си
ако сакаш да ги вртиш нештата
туку нештата што се вртат
- да ги сакаш!“

Галаксии се завртуваат
во универзумот има центар,
тоа е Центарот - ги сака сите

колку себеси што се сака.
Околу Него, други се вртат
се врти центарот - сака некои

колку себеси што се сака.
Околу нив, други се вртат
се врти центарот - себе се сака

никој друг освен себе.
Секој некого сака
само Еден е најмоќен.

Тој е совршен спој,
машкост и женственост.

Но дали е толку совршен
несовршености да нема?
По Патот ќе продолжам
да го видам Вечниот град.

Тој е во сите, но сите
не ќе бидат во Него.

Искрено...
Впрегнувам животни бранови
само душа исполнета со мир
го наоѓа вистински, спасот.

...најискрено ја прегрнувам
- Светлината.

# Роза

Розо, со убавина облечена
и јас сакам да се облечам
со убавина. Зарем има број
и таков крој да се облечам?

Човеку драг, кога ме гледаш
исправена, со достоинство
со складност од сите листови
зрачи убавината: Убава сум
зашто убавини ти покажувам.

Розо, во тебе гордост нема
со скромност објаснуваш
дека и други убавини има
наоколу тебе и дека
суетен свет не ги гледа,

не ги гледа и не разбира дека
убавина убавини ти покажува.

Но розо, кога наоколу тебе
неубавини има, тие розо
суетно сами се покажуваат
без да знаат, розо - убавино
позабележлива те прават.

Кажи ми, дали ќе си убава
ако наоколу нема никого?

Човеку драг, кога слушаш:
„Шепот, со мирис на чистота
глас, утеха што ти дава
викот, од едноставност
ја слушаш убавината“.

Роса станав, убавини препознавам
победен, трпам пораз со сласт.

Ех, суетата заслепувала
Цветот да не го гледам
говорот да го заборавам
убавина да не препознавам.

Убавина сега гледам:
„Убавина е шаренилото
и разноликоста, се во склад
што облекло руво чисто.

Убавина  сега слушам, вели:
„Облечи облека праведна
Непотопен, неизгорен цвет
  - во вечност биди и ти.

Бескрајна е среќата
на росата бескрајна
убавина што оросила,
среќа не е туѓата несреќа.

Со убавина облечи, Убавина
- Цвет во тебе живее.

Работам...
За да танцувам и пејам
да љубам и другарувам
  - искрено.

...работа што овозможува
на светлината да ѝ служам.

## Те препознав

Танцувам...
Ако паднам, станувам
продолжувам со живост
го играм животниот танц.

...танц што ослободува
ме понесува кон светлината.

Пејам...
Со живост исполнувам
се трудам да не грешам
ја пејам животната песна.

...песна што исполнува
светлината ја чувствувам.

Другарувам...
Природа ме опкружува
пријателите ми се мили
човечност не мразам.

...дружба што возвишува
светлината да ја видам.

Љубам...
Сродни души со љубов
срца со вредности исполнети
земаме возвраќаме, моќ пламти.

...сакање искрено што охрабрува
светлост бестрашно да допрам.

Искрено...
Впрегнувам животни бранови
само душа исполнета со мир
го наоѓа вистински, спасот.

...најискрено ја прегрнувам
- Светлината.

Работам...
За да танцувам и пејам
да љубам и другарувам
   - искрено.

...работа што овозможува
на светлината да ѝ служам.

# Чин 3. Раѓање

## Роденден

Среќа е...
Дали бев среќен или не
кога за прв пат заплакав
не се сеќавам. Ми кажаа
на 09.03.1971 среќни биле
моите родители и семејството.

Дали бев среќен или не
тогаш не можев да знам.
Подоцна додека растев
сакав да дознам. Се запрашав:

„Дали со секој нов ден, умирам
или живеам?“ Сфатив: „Среќа
добив шанса да дознам, се вика
училиштето каде ме запишаа.

Додека одев на училиште,
растев со родителска грижа
од татко ми и мајка ми,
со повозрасната сестра.

Ги запрашав: „Дали со секој нов ден,
умирам или живеам?“

Татко ми одговори:
„Проблемот може да го решиш
со тоа што ќе го одложиш“.

Мајка ми одговори:
„Ако имаш злато, ќе живееш,
сиромашен ќе умираш“.

Сестра ми одговори:
„Ако уништуваш, ќе живееш,
уништуван ќе умираш“.

Не бев задоволен од одговорите.
Ми посакуваа среќа, понекогаш
го постигнуваа спротивното.
Одговор на прашањето не најдов.

Да нема недоразбирање,
прашањето го поедноставив,
запрашав: „Дали има ден,
дали има низа од денови
исполнети само со среќа?“

Одговорите не ми помогнаа
трајна среќа да пронајдам.

Одговор продолжив да барам
ги прашував пријателите,
родителите на пријателите.
И нивните одговори не помогнаа
трајна среќа да пронајдам.

Трпението ме напушташе
измачуван од помислата,
другите имаат јас немам.
Судбината ним им дала
затоа јас од нив ќе земам.

Опомени и казни добивав
за недозволените постапки.

Еден ден, одејќи в училиште
дознав дека другар ми е сирак.
Ми рече: „Многу ти е полесно,
страдањето можеш да го поделиш“.

Моето страдање го споделив
и со него, ми беше полесно,
сепак огромната тежина остана
трајна среќа не пронајдов.

Подоцна имав девојка  сирак,
ми рече: „Не знаеш како ми е“.
Тогаш се сетив на татко ми,
татко си никогаш не го видел.

Нивната болка тајна ми откри:
Некои луѓе треба да загубат
за да сфатат колку вредело
нештото што го загубиле.

Среќа е да знаеш кога си среќен!

Благодарно почнав да се будам
сфатив: Тоа што го немам
може да го добијам, ако научам
да го ценам тоа што го имам.

Подобро почнав да ги разбирам
родителите и луѓето, разбрав
и тие се ученици во училиштето
„Среќа  - добив шанса да дознам“.

Училиштето го посетував
одговор продолжив да барам.

Еден ден, тропнав на вратата
од собата на горниот спрат.
Ме прими раководителот
на училиштето „Среќа
добив шанса да дознам“.

Ги кажував своите барања,
но еден миг замислено
во себе си реков: „Само барам
зошто само барам, зарем не е време
јас раководителот да го усреќам?“

Раководителот ми одговори:
„Сакаш Среќата да ја усреќиш,
можеш тоа да го направиш.
Од тебе барам: Дозволи ми
да ти помогнам да те спасам!“

Внимавав на моите зборови
знаев дека пред раководителот
подобро е да не ветам, отколку
да не го исполнам ветувањето.
Се заблагодарив и излегов

прашувајќи се што значи:
„Дозволи ми да ти помогнам
да те спасам!“ Се сетив
раководителот од нас бара
почитување на правилата.

Помислив тоа нема да е лесно,
но сепак решив да се обидам.
Ако пробам, ништо не губам,
ќе видам што ќе добијам
раководителот да го почитувам.

Предавања редовно посетував
престанав да бидам препишувач.
Лаги престанав да измислувам
не морав со нови да ги заменувам
престана потребата да ги паметам.

Добивката беше очигледна:
Повеќе енергија и знаење
товарот беше подноslив.
Не мораше да сум несреќен
за да вкусувам малку среќа.

Моето страдање го споделив
и со раководителот. Ми олесна
трајна среќа тогаш пронајдов.
Научив: Среќата ја усреќував,
одговор на прашањето добив.

Но се случи нешто зачудувачко
ме предупреди раководителот.

Некои од учениците ме напаѓаа
почесто и посилно од претходно.
Ме исмејуваа, ме напуштаја,
а некои од мене се срамеа.

Сочувствував, со нивниот проблем,
а препознав и безнадежни случаи.

Сега среќен или повеќе среќен
во ниеден миг не сум несреќен,
мојата среќа ја зголемуват
вистинските пријатели.

На прашањето:
„Дали со секој нов ден,
умирам или живеам?
или: „Дали има ден,
дали има низа од денови
исполнети само со среќа?“

На татко ми му одговорив:
„Не е лесно да си сирак, знам
голем број блиски ме оставија.
Не ќе може долго да одложуваш.
Училиштето заврши го денес“.

На мајка ми ѝ одговорив:
„Ме учеше снаодлив да бидам,
злато да придобивам. Ти велам:
Злато во пирамида не помага.
Училиштето заврши го денес“.

На сестра ми ѝ одговорив:
„Сѐ е дозволено, сѐ не е полезно.
Не е битно само да добиеш,
туку и начинот на кој добиваш.
Училиштето заврши го денес“.

А на сите познаници им го велам
тоа што моите пријатели го знаат:

„Секој што ја усреќува Среќата
секој нов ден живее, и ќе живее.
Секој што нема трајна среќа
секој нов ден умира, и ќе умре“.

Среќа е да знаеш кога си среќен,
тогаш ќе се родиш, од горе.

# Чин 4. <u>Подарок</u>

## Пари за откуп

Дојде на семејната врата
човеку со маска на лицето
тропаш со лажна утеха
нудиш пари, им велиш:

„Богаташ сум, пари имам
давам богатство за секој
песна што ќе ми напише
песна за допирот на смртта“.

Човеку со скриени намери
ги заведуваш моите блиски
да посегнат рака по парите,
а смртта сакаш да ја допрат.

Ја познавам твојата итрина,
пред многу години ја запознав.
Гаснеше тогаш мојата светилка,
но не згасна, повторно разгоре.

Бев истоштен од глад, шепотев
беден човек сум. Храна барав
во студенило останав без храна.
Го дојадував последниот залак леб.

Се сеќавам ме посети тогаш,
смртта ми нудеше утеха, велеше:
„Засекогаш од глад да се спасиш
доволно е само да ме допреш“.

Чувствував глад, сепак знаев
не сакав да сум без чувства
да личам на мртовец што оди
ниту сакав смртта да ја допрам.

Дојадувајќи го својот леб,
ја увидов сопствената беда:

Да ги познавам сите тајни
да го имам целото знаење
мојата светилка ќе згаснува
светлината ако ја мразам.

Го подигнав погледот тогаш
кон Животот на мојот живот
да ме избави од лукавиот
да го благослови мојот труд.

Лебот на животот го вкусив
во светлината барајќи спас.

Подоцна бев истоштен од жед
шепотев беден сум. Вода барав,
во тропска суша останав без вода!
Ја допивав последната капка вода.

Се сеќавам ме посети маскираниот,
нудеше оази, само да го допрам.

Му ги разоткрив намерите:
„Смртта нема власт да ме допре
маскираниот нема власт да уништи,
туку да убедува, сам да се уништам“.

Го подигнав погледот тогаш
кон Животот на мојот живот.
Во светлината барајќи спас
од извор на жива вода пиев.

Сфатив колку е скапо платен
- човечкиот живот.

Сега добро нахранет, без жед,
шепотам беден сум. Лек барам
за оваа болест, зарем има лек?
Страдам заради моите блиски.

Погледот не го креваат
од матен извор вода пијат
светлината ја замразија
самите се уништуваат.

Го подигнувам погледот:
„Животе на мојот живот
не дозволувај да го допрат
опомени ги моите блиски

човекот со маска на лицето
заведува со лажни богатства“.
Посегнуваат рака по парите
гледам, затоа јас ќе ги земам.

Остра болка ќе пресекува
мачнина од грчеви ќе пара
како низ трње ќе се движам.
Ќе барам сила да изустам:

„Животе на мојот живот
прими го кај тебе мојот дух
благослови го мојот труд
мојата послушност награди ја“.

Песната за допирот на смртта
ако таа те допре е тажна,
но има среќен крај, затоа што
упокоен во Животот спиеш
во Градот на упокоените
денот на будење се ближи.

Песната за допирот на смртта
ако самиот ја допреш е ужасна,
нема среќен крај, затоа што
фрлен си тогаш во депонија
така се вика градот на смртта
таму каде трулежот се распаѓа.